**РЕФЕРАТ**
**ЗА РЕ-ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВО ДОПОЛНИТЕЛЕН РАБОТЕН ОДНОС НА БИЗНИС АКАДЕМИЈАТА СМИЛЕВСКИ – БАС ЗА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ИНТЕГРИРАНО МАРКЕТИНШКО КОМУНИЦИРАЊЕ НА ГОЛЕМИ НАСТАНИ**

Со одлуката за формирање на Рецензиската комисија за ре-избор на наставници во насловно звање во дополнителен работен однос на Висока стручна школа Бизнис Академија Смилевски - БАС Скопје, за наставниот предмет Интегрирано маркетиншко комуницирање на големи настани од 15.09.2016 година, определени сме за членови на Рецензиската комисија.

Со одлуката од Наставничкиот совет ги добивме документите кои беа наведени во конкурсот и по нивното проучување, Рецензиската комисија, во состав:

1. Проф. д-р Маја Кочоска - професор на висока стручна школа Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје;
2. Проф. д-р Гордана Тасевска - професор на висока стручна школа Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје;
3. Виш пред. м-р Даниела Карадаков – виш предаваш на висока стручна школа Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје;

има чест на Наставничкиот совет на БАС да му го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**I. Преглед на пријавените кандидати**

На конкурсот за ре-избор на наставници на БАС, објавен во дневниот весник Нова Македонија на 31.08.2016 година со рок за пријавување 8 дена од денот на негово објавување за наставниот предмет Интегрирано маркетиншко комуницирање на големи настани, пријавен е само 1 кандидат:

**1. М-р Дијана Дамевска**

Врз основа на приложените документи и врз основа на евалвациите од страна на студентите и резултатите од претходно поминатата хабилитациона постапка, кандидатот се упатува на рецензија.

**II. Приказ на образовниот и кариерниот развој и на другите остварувања и компетенции на кандидатите**

1. **Д-р Дијана Дамевска**

**А) Образовен развој**

Дијана Дамевска е родена во Битола, на 09.09.1986 година. Основно и средно образование завршува во Битола, а потоа се запишува на Економскиот факултет во Прилеп (2005 – 2009), и успешно ги завршува студиите по Бизнис - Економија. Пота се запишува на магистерски студии на истата високообразовна установа, на насоката Маркетинг менаџмент (2009 – 2012). Во меѓувреме на Педагошкиот факултет во Битола завршува Педагошки доквалификации. Моментално е на докторски студии на Економскиот факултет во Прилеп на насоката Маркетинг. За време на студиите работи како практикант во повеќе организации, а потоа како волонтер и стажант каде го применува стекнатото знаење. Меѓу организациите во кои работела кои и го збогатиле нејзиното практично знаење се издвојуваат: ЈЗУ Клиничка болница Битола, Цермат ДОО Скопје, Хотел Молика Битола, НЛБ Тутунска банка АД Скопје и З.Д. Колега Дооел, Битола.

**Б) Кариерен развој**

Кариерниот развој во областа на образованието се одвива според следнава хронологија:

- Од Септември 2012 до мај 2013 година работи како надворешен соработник на Бизнис академија Смилевски за група предмети од областа на Економијата.
- Од мај 2013 година до денес избрана е во звање предавач на Високата стручна школа Бизнис академија Смилевски БАС.

**В) Објавени стручни/научни трудови**

Кандидатот м-р Дијана Дамевска ги има објавено следниве трудови:

- Градењето на силни брендови – основна детерминанта за креирање на одржлива конкурентност на македонските компании”, Магистерски труд , Декември 2011

- ,,Брендот како иновативна водечка доктрина во функција на создавање на одржлива конкурентност”, Бизнис Академија Смилевски, Бас Институт за менаџмент,Април 2013

- ,,Ефектите од задоволството од работата помеѓу вработените во јавното здравство” Бизнис Академија Смилевски, Бас Институт за менаџмент, Ноември 2013

- ,,Вложувањата во човечките ресурси, предуслов за одржлив економски развој”, Прв симпозиум за Регионална економска соработка во процесот на глобализацијата - Универзитет, Тетово Декември, 2013 ( објавен во меѓународно списание – ECONOMIC VISION)

- Интегрирано маркетиншко комуницирање, авторизирани предавања, БАС 2013

- ,,Компетенциите на кандидатот за работа како предуслов за ефективно извршување на работата”, Трет симпозиум со меѓународно учество, Бизнис Академија Смилевски – БАС Институт за менаџмент, Април, 2014

- ,,Со намалувањето на јазот помеѓу понудата и побарувачката на труд кон поголема вработливост во ИТ секторот”, Трет симпозиум со меѓународно учество, Бизнис Академија Смилевски – БАС Институт за менаџмент, Април, 2014

- ,,Успешното планирање и управување со кариерната патека како можност за обезбедување на квалитетно работно место”, Трет симпозиум со меѓународно учество, Бизнис Академија Смилевски – БАС Институт за менаџмент, Април, 2014

- ,,Преку зелената економија кон создавање на обновливи енергетски извори”, Четврт меѓународен симпозиум, Факултет за менаџмент – Зајечар - Мегатренд Универзитет, Белград, Мај,2014

- Примената на моделот Customer based brand equity во контекст на позиционирање на ново детско списание, Трета меѓународна научна конференција, Бизнис Академија Смилевски - БАС Институт за менаџмент, Октомври, 2014

- Улогата на интегрираното маркетиншко комуницирање во образованието - HORIZONS, International scientific magazine; Year X; vol.1; August 2014; Bitola
Издавач: Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
- Компатибилноста на понудата и побарувачката на компетенции на пазарот на труд, како услов за поголема вработливост , Четврт симпозиум со меѓународно учество, Бизнис Академија Смилевски – БАС Институт за менаџмент, Април, 2015

- Улогата на фискалната политика во Р.Македонија и нејзиното влијание врз домашната економија, Прва меѓународна научна конференција, Фама Колеџ – Косово, Септември, 2015

- Модел на организација со препознатлива организациска култура и општествена одговорност, Научна конференција, Висока школа за економија, Белград 2015

- Милениумци : нова генерација на потрошувачи – предизвици и можности, МИТ Универзитет, Скопје, Мај, 2016

- Маркетинг на социјални медиуми, Технички факултет Бор – Белградски Универзитет Србија, Мај 2016

- Анализа на атрактивноста на пазарот на макро ниво, Меѓународна научна конференција, Одржлив економски развој базиран на знаење – ЕРАЗ, Белград, Јуни 2016

- Имиџот на производот, фактор во одлуката за негово купување, Меѓународна научна конференција, Силата на знаењето, Солун, Септември 2016

**III. Заклучок и предлог на рецензиската комисија**

Врз основа на приказот на образовниот и кариерниот развој на кандидатот, неговите учества на трибини, семинари и обуки, како и неговото целокупно досегашно остварување, кандидатот м-р Дијана Дамевска ги исполнува основите и посебните услови за ре-избор во насловно звање за наставниот предмет Интегрирано маркетиншко комуницирање на големи настани.

Затоа Рецензиската комисија со задоволство му предлага на Наставничкиот совет на БАС, кандидатот м-р Дијана Дамевска да ја ре-избере во дополнителен работен однос, како наставник во насловно звање ***виш предавач на висока стручна школа за наставниот предмет*** Интегрирано маркетиншко комуницирање на големи настани***.***

РЕЦЕНЗИСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Маја Кочоска

2. Проф. д-р Гордана Тасевска

3. Виш пред. м-р Даниела Карадаков